ДРЖАВНО МУЗИЧКО
УЧИЛИШТЕ
Бр. 01-320/1
04. 12. 2024 год.

# ИЗВЕШТАЈ ОД САМОЕВАЛУАЦИЈАТА НА ДРЖАВНО МУЗИЧКО УЧИЛИШТЕ -БИТОЛА

# 2023-2025

## 1. Основни информации за училиштето

- **Име на училиштето:** Државно музичко училиште-Битола
- **Тип на училиште:** Државно музичко училиште
- **Број на ученици:** 109 - средно и 400 - основно
- **Број на вработени наставници:** 73
- **Период на самоевалуација:** септември 2023 – октомври 2025
- **Тим за самоевалуација:**

**Претседател:**

- Гордана Трајковска

**Членови:**

- Јана Четелева Белевска
- Маја Митровска
- Никола Баљаревски

**Координатор**

- Нина Тасевска

---

## 2. Цел на самоевалуацијата

Самоевалуацијата има за цел да обезбеди реална слика за квалитетот на наставно-образовниот процес, организацијата на училиштето и учеството на сите засегнати страни, со цел планирање на подобрувања. Дали методите се ефективни и како може да се унапреди процесот на работа. Поддршка за професионален развој на наставниците, следење на постигањата на учениците и подобрување на училиштето како институција.

---

## 3. Области на евалуација

Самоевалуацијата се спроведе според **Националните стандарди за квалитет во воспитно-образовните институции** и ги опфати следните области:

1. Наставни планови и програми
2. Постигања на учениците
3. Учење и настава

4. Поддршка на учениците
5. Училишна клима
6. Ресурси
7. Управување, раководење и креирање политика

---

## 4. Методи на прибирање податоци

- Анкети за наставници, ученици и родители
- Интервјуа со директор и стручна служба
- Набљудување на часови
- Анализа на документација (завршни извештаи, планови, програми)

---

## 5. Анализа по области

### 5.1. 1. Наставни планови и програми

- Наставниците применуваат современи методи (групна работа, проекти, ИКТ).
- Потребно е дополнително усовршување во формативно оценување.
- Информираност на родителите и учениците за наставните планови и програми
- Родова и етничка рамноправност и мултикултурна сензитивност во наставните програми и учебните помагала
- Прилагодување на наставните програми на децата со посебни образовни потреби

### 5.1. 2. Постигања на учениците

- Просечен успех на учениците: 4.21
- Постигањата на учениците по наставните предмети и инструменти секоја година се сè поголеми, резултатите подобри, а наградите помногубројни.

### 5.1. 3.Учење и настава

- Постојат добри односи меѓу учениците и наставниците.
- Забележани поединечни случаи на неучтивост.
- Медиумско промовирање на училиштето за што постојат и видео и аудио записи.
- Награди и признанија во дипломи, како и во документацијата на училиштето.

### 5.1. 4 Поддршка на учениците

- Поддршка и соработка со Психолошко-педагошката служба (психолог, социолог).
- Потребна е поголема соработка со родителите.
- Грижата за ученици со емоционални потешкотии се реализира во континуитет.
- Пружање помош при избор на занимањето/Кариеерен советник и тим за кариерно советување.

### 5.1.5 Училишна клима

- Училиштето има јасна организациска структура и транспарентно донесување одлуки.
- Потребно е поголемо вклучување на учениците во советите.
- Разговори со учениците и родителите.
- Анкета за учениците/ разговор со родители
- Анкета за наставници
- Промовирање на личните постигања на учениците.
- Еднаков и правичен третман на сите ученици.

### 5.1.6 Ресурси

- Опременост со стручна литература и наставни средства и помагала.
- Функционална училишна библиотека.
- Насоки за организирање на животот и работата на учениците во средното училиште.
- Упатство за начинот на изрекување на педагошки мерки, пофалби и награди на учениците
- Извештаи за афирмативни резултати на учениците.

### 5.1.7 Управување, раководење и креирање политика

- Материјално-технички средства
- Разговори со наставници
- Разговори со родители

- Професионален развој/стручно усовршување на кадарот

---

## 6. Силни страни

- Посветен наставен кадар
- Добра комуникација меѓу ученици и наставници
- Активна ученичка заедница

- Квалитетни човечки ресурси
- Квалитетно подготвени планирања во согласност со наставните програми прифатено од МОН
- Позитивна клима за работа на учениците и наставниците
- Стимулативна клима за учење
- Високи потенцијали кај учениците за образование и лично изградување,
- Добра соработка на ниво на етничка и полова толеранција и вклученост во училишни активности на сите ученици
- Рамноправност на сите ученици во третманот во наставата и слобода на нивен избор за вклучување во училишните активности,
- Добра организираност на училишните активности (промоции,државни и меѓународни натпревари, отворање на изложби , годишни концерти, интерни часови, хуманитарни концерти и сл.
- Добра соработка со родителите
- Добра соработка со институциите на локалната заедница
- Вонаставни активности во функција на музичката струка
- Во училиштето има пропишани приоди за планирање и утврдени процедури за поддршка и следење на планирањето на наставата од страна на директорот, стручната служба и лица назначени од страна на директор. Најмалку два пати во едно полугодие се следат планирањата на наставниците од директорот и/илиод стручната служба
- Сите наставници имаат подготвени годишни, тематски планирања и подготовки за наставен час, односно годишни и тематски планирања што ги содржат сите неопходни елементи за успешна организација и реализација на часот.
- Распоредот на часови го прави шефот на теоретската класа во соработка со останатите наставници
- Сите наставници со учениците се однесуваат на начин што промовира заемно почитување, помош, соработка и разбирање. Притоа, не прават разлика меѓу учениците според нивниот пол, социјалното потекло и етничка припадност

- Недоволен интерес кај наставниците и родителите за покренување писмена иницијатива за промена на наставните планови и програми одобрени од МОН
- Јасно дефинирани цели и очекувани исходи
- Програмите овозможуваат постепено надоградување на знаењата по години и меѓупредметна поврзаност
- Прилагодување на програмата на ученици со посебни потреби
- Дел од предметите овозможуваат простор за креативност,самостојност и критичко размислување,преку проекти,уметнички израз и тимска работа
- Успешна реализација на наставните планови и програми
- Разработен план за усовршување на планот за развој на училиштето
- Ангажираност на наставниците преку дополнителна и додатна нстава
- Соработка на релација наставник-ученик-родител
- Континуирано следење на посигањата на учениците преку гоишните испити и јавни настапи на учениците
- Редовни планирања и подготовка за успешна реализација на концерти на ученици во текот на годината
- Учество на учениците на општински, регионални, државни и меѓународни натпревари
- Активно учество на семинари на учениците и наставниците
- Висок степен на интеракција во наставниот процес меѓу наставникот и ученикот
- Квалитетот на наставниот кадар ;
- Одлична соработка помеѓу родителите, професорите иучениците.
- Многубројните високи награди на учениците на државните и меѓународните натпревари ;
- Соработка со локалната самоуправа,детски градинки, училишта и други јавни установи од Р. С. Македонија и странство
- Поголемиот дел од наставничкиот кадар умее квалитетно да одговори не потребите на учениците
- Навремено водење евиденција за напредокот на учениците кај класните раководители
- Навремено информирање на родителите за успехот, редовноста и поведението на учениците
- Поддршката на учениците и нивно навремено информирање за вклучување во високообразовни институции
- Унапредување на способноста за тимска работа,развивање на толеранцијата,чувство на успех и задоволство од постигнатите резултати.
- Добра комуникација меѓу наставниците
- Добра комуникација меѓу учениците
- Добра комуникација меѓу наставници и ученици
- Добра комуникација меѓу наставници и родители
- Добра соработка со локалната заедница
- Добра соработка со соседни општини и градови , како и на ниво на држава
- Непостоење на било каква дискриминација
- Квалитетни човечки ресурси
- Поседуваме две концерти сали
- Кабинети со информатичка опрема
- Кабинет за кариерен центар
- Поседување на музички инструментариум
- Библиотека со стручна литература и белетристика
- Музичко студио за аудио снимање донирано од СЕА проектот

- Набавка на наставни средства според потребите на стручните активи
- Развиена свест кај наставниот кадар за исполнување на работните обврски

- Тимска работа
- Транспарентност на раководниот тим пред наставниот кадар, помошните служби, пред родителите, учениците и локалната средина за ориентациите и целите на училиштето.
- Вклученост на наставниците во различни проекти за нивно перманентно стручно усовршување и професионален развој ( нови методи во наставата, обука за примена на информатичката технологија во наставата и сл.)
- Развојна политика на училиштето
- Солидна едукација на наставниот кадар преку многубројните семинари и стручни и за наставата
- Постоење на маркетинг тим кој постојано ги промовира активностите на училиштето преку постојано ажурирање на ВЕБ страницата, ФБ и Инстаграм

## 7. Слабости и препораки

- Недостиг на средства за активна методологија
- Недостаток на датотека, видеотека, нототека
- Дислоцираност на објектите за настава
- Недостаток на училишен простор – кабинети за групна и индивидуална настава
- Недостаток во опременоста на училишната библиотека со стручна литература и недостаток од училишна фонотека (наставниците користат лична фонотека и нотен материјал.)
- Недостаток од нагледни средства во наставата по општо образовните и стручните наставни предмети во групната настава (аудио и видео материјали)
- Недоволна обученост на наставниците за справување со конфликтни ситуации
- Застарен начин на затоплување (со печки на дрва) во објектот на бул. Борис Кидрич
- Поделеност на просторот во три згради (два објекта) – отежнета комуникација и попречување на реализација на дел од наставата
- Недостиг за финансиски средства за валоризација на постигнувањата на учениците и наставниците
- Потреба од осовременување и доопремување на наставниот простор (акустична изолација на вратите, аудио помагала).
- Комуникацијата меѓу наставниците
- Располагање на две концерти сали, кабинет со информатичка опрема, но потребно е нивно санирање
- Музичкото студио за аудио снимање донирано од УСАИД (СЕА проектот) постои но не е во функција, бидејќи потребен е кадар за работа со истото
- Работа на свеста кај наставниот кадар за исполнување на работните обврски
- Амортизиран инструментариум
- Немање доволно светска стручна литература од областа на класичната музика
- Недостаток на ЦД-а и ДВД-а со класична музика

- Потреба од осовременување и доопремување на наставниот простор (акустична изолација на вратите, аудио помагала)
- Осовременување на затоплувањето со инсталирање на парно греење (во едната зграда затоплувањето сеуште е на дрва гориво)
- Потреба од подобрување на просторните услови за реализација на наставата
- Потреба од едукација на наставниот кадар за изработка на проекти
- Потреба за докомплетирање на греењето на училишниот простор

- Амортизиран инструментариум
- Немање доволно светска стручна литература од областа на класичната музика
- Недостаток на ЦД-а и ДВД-а со класична музика
- Потреба од осовременување и доопремување на наставниот простор (акустична изолација на вратите, аудио помагала)
- Осовременување на затоплувањето со инсталирање на парно греење (во едната зграда затоплувањето сеуште е на дрва гориво)
- Реновирање на постоечките училишни објекти
- Поголема размена на идеи, комуникација и соработка помеѓу вработените
- Потреба за спојување на училиштето во еден објект

| **Област** | **Забелешка** | **Препорака** |
| --- | --- | --- |
| Наставен процес | Недоволна примена на дигитални алатки | Организирање обуки за наставници |
| Постигнувања | | Воведување дополнителна настава и работилници<br>Активирање на училиштето на социјални мрежи |

- Приоритети од ова подрачје кои можат да бидат вклучени во Програмата за развој на училиштето
- Планирање активности за прибирање и разгледување мислења за наставните планови и програми од наставници и родители и
- покренување писмена иницијатива за нивна промена до БРО и МОН
- Континуирана набавка на Прирачници и друга стручна литература за реализација на наставата и воннаставни активности
- Прилагодување на активности според различни стилови на учење (визуелно,аудитивно,фотографска меморија)

| Област | Забелешка | Препорака |
| --- | --- | --- |
| Поврзаност со заедницата | | ➢ Планирање заеднички тематски часови помеѓу наставници од различни предмети<br>➢ Поголемо поврзување меѓу предметите по теоретски предмети,преку заеднички часови и анализа на изведени дела<br>➢ Прилагодување на композиции и вежби според можностите на учениците,со цел да се зголеми мотивацијата и ангажираноста<br>➢ Организирање на јавни часови,концерти и проекти<br>➢ Промовирање на вредности ,музичка култура,градење на естетски вкус и култура на слушање.<br>➢ Преку стручните активи и наставнички совети,да се предлагаат измени и дополнувања на програмите.<br>➢ Да се обезбедат подобри услови за реализација на наставата во смерот „Традициски играч и пејач",преку набавка на инструменти и носии,доопремување на основната и помошни простории со инструменти и носии,како и шкафчиња и технички помагала за ИКТ-наставата.<br>➢ Да се промовира смерот преку концерти,настапи и јавни часови,со цел афирмација на традициското музичко наследство. |

---

## 8. План за подобрување (2025–2026)

1. Формирање работна група за дигитализација на наставата
2. Вклучување на учениците во промотивни активности на училиштето
3. Реновирање на постоечките училишни објекти
4. Поголема размена на идеи, комуникација и соработка помеѓу вработените
5. Потреба за спојување на училиштето во еден објект

---

## 9. Заклучок

Самоевалуацијата покажа дека училиштето има стабилен систем на работа и постигнува позитивни резултати, но постојат области каде што се потребни конкретни подобрувања. Реализацијата на предложениот план ќе придонесе за зголемување на квалитетот на наставата и училишниот живот.

## 10. Потпис

Претседател на тимот за самоевалуација:

Проф. м-р Трајковска Гордана

Директор на училиштето:

м-р Марија Шамоска Буџаковски